РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

**До**
**Државен инспекторат за локална самоуправа**
**Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 49**

**Скопје**

Предмет: Мислење

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставивте барање на мислење за тоа дали постои состојба на судир на интереси кај лицето Зуди Хамиди, член на совет на Општина Врапчиште, а воедно со Решение за именување на членови на Училишен одбор на ОУ „Наим Фрашери" с. Неготино, именуван за член на Училишен одбор, како и кај лицето Нухи Адеми, член на совет на Општина Врапчиште, а воедно со Решение за именување на членови на Училишен одбор на ОУ „Сали Лиса" с. Добридол.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија,, бр. 12/2019 од 19 јануари 2019 година), го издава следново:

М И С Л Е Њ Е

Државната комисија Ве известува во конкретните случаи **постои состојба на судир на интереси**.

Односно, лицето Зуди Хамиди како **избрано лице**, член на совет на Општина Врапчиште, не може да биде именувано **за член на орган на управување**, во конкретниот случај член на Училишен одбор на ОУ „Наим Фрашери" с. Неготино.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Понатаму, лицето Нухи Адеми, **како избрано лице**, член на совет на Општина Врапчиште, не може да биде именувано **за член на орган на управување** во конкретниот случај член на Училишен одбор на ОУ „Сали Лиса" с. Добридол.

Во наведените случаи, прекршен е член 44 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси според кој:

*Член 44*

*(4)* ***Избрано*** *или именувано лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или* ***член на орган на управување*** *или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал.*

Со почит,

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Заменик претседател,**
**М-р Шемши Салаи**

По заклучок на ДКСК:
Изработил: С.М - Виш соработник